АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак 9Ф 1701
Рок на чување 4Г
26.03.2024 г. Потпис

Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2023 година на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2023 година на подрачјето на Општина Демир Хисар со архивски број 08-247/1 од 21.02.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-286/19
14.03.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр. 5/2002), член 71 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар („Сл. Гласник на Општина Демир Хисар„ бр.3/2002), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

# И З В Е Ш Т А Ј

## за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2023 година на подрачјето на Општина Демир Хисар

Согласно Програмата за јавно осветлување за 2023 година на подрачјето на Општина Демир Хисар беа планирани активности на 3 (три) нивоа и тоа:

1. Контрола на потрошената електрична енергија и техничката исправност на светилките и инсталациите,
2. Проширување на нисконапонската мрежа-јавно осветлување и
3. Одржување на јавното осветлување.

**1.** Контрола на потрошената електрична енергија за јавно осветлување беше вршена од страна на АД ЕВН, Кориснички Енергетски Центар-Битола. Врз основа на доставените фактури во 2023 година на име потрошена електрична енергија за јавно осветлување фактуриран е износ од **2.017.529,00** денари. Од страна на АД ЕВН за 2023 година извршена е наплата на комунална такса за јавно осветлување во износ од **10.064.850,00** денари.

Во продолжение, даден е табеларен преглед на финансиската состојба за јавното осветлување во Општина Демир Хисар за 2023 година.

| Р. бр. | Вкупно фактурирана потрошена електрична енергија | Вкупно наплатени средства од ЕВН за комунална такса | Вкупно уплатени средства на ЕВН за потрошена електрична енергија |
|---|---|---|---|
| **1.** | **2.017.529,00** | **10.064.850,00** | **2.050.000,00** |

Техничката исправност на светилките и инсталациите во 2023 година беше вршена од страна на Општина Демир Хисар и месните заедници.

**2.** Проширување на нисконапонската мрежа-јавно осветлување беше извршено во Бараково со должина од 170 $м^1$, Мало Илино со должина од 40 $м^1$, Жван со должина од 30 $м^1$, Демир Хисар со должина од 215 $м^1$, Слепче со должина од 45 $м^1$, Суводол со должина од 45 $м^1$, Журче со должина од 50 $м^1$ и Вирово со должина од 15 $м^1$ или вкупна должина од 610 $м^1$. За подобрување на јавното осветлување поставени се 19 нови вандерми, 3 рефлектори од по 200w и заменети се постоечки 99 светилки со нови ЛЕД светилки од 130w.

**3.** Одржување на уличното осветлување во 2023 година беше од страна на Општината Демир Хисар. За реализација на оваа активност во 2023 година беа потрошени вкупно **305.584,00** денари за подобрување на јавното осветлување и за замена на опремата-материјалите.

Видот и количината на потрошените материјали за одржување на уличното осветлување во 2023 година даден е табеларно во прилог на овој извештај.

Бр. 08-247/1
21.02.2024 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски